Христо АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ

# КОН ПРАШАЊЕТО НА ГЕРМАНСКО-МАКЕДОНСКИТЕ ОДНОСИ ВО МИНАТОТО

ВО ИСТОРИОГРАФИЈАТА посебно место заземаат компаративните проучувања на меѓусебните односи на народите. Во Германија ваквите проучувања водат почеток од една многу стара традиција. Кон едно вакво пошироко поле на проучувањата спаѓаат и проблемите на југоисточна Европа. Во склопот и во објектот на овие научни проучувања се вклучува и минатото на Македонија. Меѓутоа, изучувањата на нејзините специфични особености не се разработени во една севкупна целина, туку акцентот е даден само на некои периоди, како и на значајни прашања од македонското минато. Сакајќи да придонесеме за расветлување на ова интересно прашање, во ова излагање се обидуваме, согласно на материјалот со кој располагаме, да проникнеме накратко во суштинските страни на германско-македонските и македонско-германските односи во минатото, како и на компаративните проучувања на оваа проблематика. Во опсегот на нашето интересирање е историјата на тие односи исклучно до првите години на XX век.

## I.

ТЕКОТ И ДИМЕНЗИЈАТА на овие односи е стриктно поврзана и е зависна од специфичниот развиток на Македонија во текот на вековите. Оттука и почетокот на првите допири треба да го бараме длабоко во најраниот среден век. Според досегашните познавања допирите треба да се бараат пред и по преселбата на народите. Тоа е време на упадите на германските племиња на Балканот во III век и посебно, според Г. Острогорски, од 378 година натаму, со инвазијата и преминот на германските племиња во Византија и во врска со ангажирањето на Германите во византиска воена и друга служба. Овој проблем е разработен во светската и германската византологија.[1]

---

[1] Види: Георгије Острогорски, Историја Византије. Београд 1959, 72—73, 81—82; Fritz Valjavec, Geschichte der deutschen Kulturbeziechungen zu Südosteuropa. I. Mittelalter. München 1953 (I изд.. Der Deutsche Kultureinfluss im nahen Südosten. München 1940), 9—10.

Значаен пункт на овие односи се поврзува со мисијата на солунските браќа Кирил и Методи во Моравија и во Панонија во IX век, како и нивните контакти и судири со немското духовенство, а исто така и врските на Методи со Регенсбург. Ова прашање е разработено во славистиката.[2] Регенсбуршкиот Универзитет посебно ја негува оваа традиција, за што пишуваше Ф. Мајер.[3]

Мошне важен контакт со државата на Светото римско царство бил воспоставен од страна на македонските комитопули. Се претпоставува дека тоа биле двајцата браќа на Самуил, или пак самиот Самуил со едниот од своите браќа, кои како пратеници престојувале во 973 г. кај германскиот владетел царот Отон I во Кведлинбург. За оваа средба пишуваше Ст. Антољак, кој образложи дека оваа мисија се одвива во време кога комитопулите се уште биле самостојни и со тоа се стремела да ја зацврстат својата положба и самостојност.[4] Во врска со Самуил потребно е да се спомене податокот дека Византија во борбите против неговото царство ангажирала и германски рицари.[5] Истото тоа се повтара и во задушувањето на востанието на Ѓорѓи Војтех во 1072 и 1073 г.[6] Ангажирањето на овие наемници е поврзано со прашањето за здобивање со привилегии, како и со нивните имотни односи во Македонија во XI век, зашто пишуваа Ф. Долгер и П. Лемерле.[7] Но, покарактеристичен е уделот на германските рицари во норманските напади и во создавањето на Солунското кралство (1204—1223), за што образложено пишуваше О. Тафрали.[8] Овие допири добиваат развиен вид во време на Крстоносните војни. Во 1096 г. во време на Првиот поход крстоносците навлегле во Македонија. Во 1189 г. во време на III-от поход, кој го води императоротот Фридрих I Барбароса, дел од неговата војска пропатувала низ Струмската област и има контакти со македонскиот самостоен владетел Добромир Хрс.[9] Овие врски добиваат нова содржина со ангажирањето на германските рудари „Саси" во XIII и во XIV век (1243—1276, 1282—1321) во обработката на кратовските рудници. Тие создале своја населба (Саса). Ги наоѓаме на овој терен сè до XVII век. Нивниот престој во Македонија, а и во другите земји, е разработен во историографијата. По ова прашање ги издвојуваме научните резултати на Константин Иречек.[10]

---

[2] Vatroslav Jagić, Izabrani kraći spisi. Zagreb 1948, 400—406, 407—411; Г. А Ильинский, Опыт систематической Кирилло-Методьевской библиографии. София 1942.

[3] Franz Mayer, Causa Methodii. — Die Welt der Slawen (Wiesbaden) XV (1970), 336—360.

[4] Стјепан Антољак, Самуиловата држава. Скопје 1969, 23, 24.

[5] Историја на македонскиот народ. I. Скопје 1969, 120—229.

[6] Ibidem, 165—169.

[7] F. Dölger, Aus den Schatzkammern des Heiligen Berges. München 1948, Nr 1/2 26/27; P. Lemerle, P. Guillou, etc., Actes de Lavra. Paeis 1970, Nr 45, 246/9.

[8] O Tafrali, Thessalonique des origines au XIV siècle. Paris 1919, 178—187, 241—242.

[9] Историја на македонскиот народ I, 173—180.

[10] J. (K.)., Jireček, Trgovački drumovi i rudnici Srbije i Bosne u srednjem vijeku. Sarajevo 1951, 72—73, 76, 92—93; K. Јиречек, Историја, Срба. I—II. Београд 1952 (I, 212 264, 270; II, 90—92, 175, 407).

## II.

ИНТЕРЕСОТ на Германците кон Македонија добива поразвиени форми во време на османското владеење. Тоа е времето кога тие започнуваат да се запознаваат со нејзините особености. Голем придонес за тоа имаат германските патописци и пратениците кај Портата. Така, Ритерот Арнолд фон Харф во својот дневник од 1499 г. ги бележи впечатоците од патот низ Османската империја и при тоа пишува за патувањето по текот на Струма и по долж на р. Вардар.[11] Поконкретни податоци наоѓаме во дневникот на Стефан Герлах, во кој за 1574 г. се осврнува на Охрид како архиепископско седиште и на положбата на рајата во епархиите на Архиепископијата.[12] Од ова време наидуваме на конкретности за обидите на некои македонски првенци да ја заинтересираат Европа и да бараат помош од неа за ослободување на Македонија. Ваков еден потфат бил преземен и во Германија. За таа цел охридскиот архиепископ Гаврил на 31 август 1588 г. пристигнал во Тибинген и барал помош.[13]

Изразит интерес за Македонија е поврзан во Германија со тенденцијата, што била карактеристична и во другите европски земји, за запознавање со Истокот, со опширните подрачја на Османската империја во XVIII век. Тогаш германската наука и публицистика започнува да обрнува внимание на оваа проблематика. Во објавените публикации од втората половина на овој век можеме конкретно да констатираме и тоа во: 1760,[14], 1786,[15] 1790,[16]· 1792,[17] и 1798 година[18] интерес за запознавање и со Македонија, со нејзините градови и другите особености. Овој интерес го забележуваме и во географ-

---

[11] К. Иречек, Стари пътешствия по България от 15—18 столетие. — ПСП IV (1883), 67.

[12] Ibid. — VI (1883), 17—27, 37—38.

[13] Михајло Миноски, Ослободителните движења и востанија во Македонија (1564—1615). Скопје 1972, 139; Истиот, Врските на Охридскиот архиепископ Гаврил со Австрија. — Гласник XVII/3 (1973), 147; Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия. София 1932, 91.

[14] A. Friedrich Buesching, Neue Erdbeschreibung. Hamburg 1760 (Macedonien 1927—1303)./Н. Михов, Населението на Турция и България през XVIII и XIX в. I. София 1915, 64 (Скр. М., Нас.)/.

[15] J. A. Remer, Jahrbuch der Staatskunde der vornehmsten europaeischen Staaten· Braunschweig 1786 /Н. Михов, Принос към историята на Турция и България. София 1971, 46 (Скр. М., Принос)/.

[16] (J. G. Boetticher), Statische Uebersichts — Tabellen aller Europaeischen Staaten Koenigsberg und Leipzig 1790 (3. Macedonien-Saloniki, Edessa)/М., Нас. I, 51—52/·

[17] Nachricht ueber die Volksmenge der Griechen in Rumml oder Rumelien. — Magazin (Berlin) 1792 (Macedonien)/Н. Михов, Населението на Турция и България през XVIII и XIX в. II. София 1924, 198—200/.

[18] Auszug aus dem Briefe eines reisenden Engländers. Salonichi (in Macedonien) den 2. Aug. 1797. — Allgemeine Geographische Ephermeriden (Weimar) 1 (1798), 126—127/N. Michoff, Bibliographie des articles de périodiques Allemands, Anglais, Français et Italiens sur la Turquie et la Bulgarie. Sofia 1938, 70. (Скр. М., Bibl.)/.

ските карти, објавувани во тој век во Германија.[19] Тоа сведочи дека започнува да се создава солидна основа за попродлабочено проучување. Тоа се засновува и врз потфатот на пруската влада да ги прошири своите односи со Османската империја, за што се заклучуваат во 1761 година и во 1790 спогодби за капитулациите и за пријателство.[20] Ова има соодветен одраз и во Македонија. Според еден податок веќе во 1777 г. постои во Солун вице-конзулат на Прусија.[21] Сето тоа создавало можности да се регистрираат натамошни уште позабележливи односи и допири.

III.

ВАЖНА КОМПОНЕНТА на овие односи се паѓа на заемната трговска размена. Потребно е да се подвлече дека македонскиот увоз и извоз со германските држави се одвивал во рамките на османскиот, а е зависен од германско-турската трговска политика. Тоа е регулирано со договорите и конвенциите заклучени, покрај споменатите, уште и во 1839, 1840, 1841 и 1862 г. До Обединувањето на Германија тие биле заклучени помеѓу Турција и Прусија, германскиот Царински сојуз и со ханзеатските градови.[22] По Обединувањето во сила е германско-турскиот договор од 26 август 1890 г.[23] Динамиката во реализирањето на конкретната трговска размена зависела од повеќе други фактори. Пред сѐ, таа е условена од растежот на германската капиталистичка економика пред и по Обединуваето, а и од нејзината експанзија во османските подрачја. Во тој комплекс, Македонија служи како можен центар за користење на суровините, а со време и како пазар на индустриските стоки. Тоа го констатираме предимно во XVIII, за да продолжи со поизразито темпо во XIX век. Во XVIII век движењето на размената оди преку македонските центри (Солун, Сер и други). Од постојните извори, патописната и другата литература, установуваме интересно движење во увозот и извозот, во заемната посета на панаѓурите и во другата трговска активност.[24] Со време се интензивира размената и

[19] Види: Magni Turcarum Dominatoris Imperium per Europam, etc. Per M. Seutter. Augsburg 1730 (?); Imperium Turcicum in Europe, stec. B. Homanni. Noribergae 1737; Imperii Turcici Europei terra etc. Adornavit J. C. Harenberg. Nuremberg 1741;/Х. Андонов-Полјански, Македонија во карти. — Гласник IX/1 (1965), 353—354/.

[20] G. E. Noradounghian, Recueil d'Actes Internationaux de L'Empire Ottoman. I. Paris, Leipzig, Neuchatel 1897, 315—319.

[21] M. Lascaris, Salonique a la fin du XVIII-e Siècle. Athènes 1939, 25.

[22] G. E. Noradoughian, Recueil. II. Paris, Leipzig, Neuchatel 1900, 3, 314, 345; Idem Recueil,. III. Paris. Leipzig Neuchatel 1902, 185—204, 206, 296—298.

[23] G. E. Noradounghian, Recueil., IV. Paris, Leipzig, Neuchatel 1903, 485—493.

[24] Види: J. Г. Хан, Путовање кроз поречину Дрине и Вардара. Београд 1876, 151—152; Н. Милев, Търговията на Македония и в края на XVIII век.—Македония I (1924), 25—35; Ю. Юрданов, История на Българската търговия до Освобождението. София 1938, 141—142; 153—157; M. Lascaris, Salonique, 53, 59; 65; Хр. Гандев, Търговската обмена на Европа с българските земи през XVIII и началото на XIX век. — Годишник XL (1943/1944), 10—23; Х. Г. А., Македонците во трговијата на Средна и југоисточна Европа. — Трудбеник IX/132 (1954), 4; Д. Зографски, За трговските врски на Македонија со Австрија во средината на XVIII век. — Преглед 5 (1955)

се поттикнува нејзината динамика. Во тој склоп особено во Германија се прават обиди за натамошно популаризирање на македонските центри, за да се даде импулс на трговијата. Така, во еден извештај објавен во Лајпциг 1782 г. Солун е центар на левантинската трговија, тој е „die vornehmste Handelsstadt in Macedonien.“[25]

Посебна карактеристика на овие односи се однесува на стопанско-то врзување на Македонија со немските земји. Особено се развиени врските со Лајпциг и тоа нарочно во XVIII век. Тоа се одразува во увозот и извозот на различни стоки, во создавање на македонски трговски кантори и во посета на трговци од Македонија. Тие се именуваат како: „турски“, „грчки“, „влашки“ и „македонски“ трговци, додека се регистрираат во официјалните прегледи на познатите Лајпцишки сајмови, со „aus Macedonien“, Конкретни подробности и детали на овие заемни стопански врски и тоа не само со Лајпциг, туку и со Брауншвајг, како и со другите германски центри, наоѓаме во архивските материјали и во студиите посветени на оваа трговија. Интересно е д се спомене дека во литературата за стопанската историја од XIX и XX век се обрнува посебно внимание на ова прашање. Тоа се студиите на Rosa,[26] P. Hasse,[27] D. Totschkoff,[28] G. Netta,[29] P. Kroker,[30] В. Јорданов,[31] Д. Зографски,[32] Хр. Гандев,[33] и други.

Во XIX век трговската размена добива нов интензитет. Но, нејзината динамика е зависна од ред околности и е сосема различна во обемот пред и по обединувањето на Германија, како и пред и по отворањето на македонските железници. Според конзулските извештаи и патописната литература возможно е да се нагласат и утврдат димензиите на трговскиот сообраќај и тоа посебно во време и по Наполеоновите војни и Континенталната блокада. Веќе во 1812 и 1813 г.

---

N. G. Svornos, Le Commerce de Salonique au XVIII-e siècle. Paris 1956, 180—182, 225—226, 241—249; И. Катариев, Серската област (1780—1879). Скопје 1961, 94, 82—88, 101, 109; Д. Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење. Скопје 1967, 53—61, 238—239, 265—273, и други.

[25] N. V. Michoff, Beiträge zur Handelsgeschichte Bulgariens. II. Osterreichische Konsularberichte. I. Sofia 1943, 1.

[26] Rosa, Untersuchungen über die Romanier oder sogenannten Wlachen welche jenseits der Donau wohnen. Pesth 1806, 145—146; Д. Ј. Поповић, О Цинцарима. Београд 1937, 112.

[27] E. Hasse, Geschichte der Leipziger Messen. Leipzig 1885, 26—27.

[28] D. Totschkoff, Rauchwaarenhandel und Kürschnerei insbesonde in Ochrida (Mazedonien). Leipzig (Heidelberg) 1900.

[29] G. Netta, Die Handlesbeziehungen zwischen Leipzig und Ost-und Südeuropa bis zum Verfall der Warenmessen. Zürich 1920, 87.

[30] E. Kroker, Handelsgeschichte der Stadt Leipzig. Leipzig 1925.

[31] В. Йорданов, Лайпциг и Българите. София 1938, 24—33.

[32] Д. Зографски Развиток., 53—51, 238—239.

[33] Хр. Гандев, Проблеми на Българското възраждане. София 1976, 395—425. Види исто: N. G. Svoronos, Salonique et Cavalla (1686—1792). Paris 1951 126—133; В. Паскалева, Към историята на търговските връски на Македония със Европа през XIX в. — Известия на Института за история на БАН 11 (1962), 51—82.

бележиме податоци од тој домен.[34] Во следните децении тоа движење е покарактеристично. Во таа смисла особено се интересни податоците од 1835 г. за увозот и извозот и за посетата на германските трговци на македонските панаѓури.[35] Во 1839 г. тоа се надополнува со германскиот увоз во Македонија,[36] а за времето: 1841—1867 г. со прометот на стоката по поморски пат.[37] Ова движење добива поорганизиран карактер по Обединувањето на Германија. Се изразува во зголемување на увозот и извозот, во асортиманот на стоките во размената, во опфаќање на скоро сите делови на Македонија.[38] Тоа се овозможува и преку користење на македонските железници, за што Германија, како и другите капиталистички држави, се живо заинтересрани, што наоѓа одраз и во вложувањето на „Deutsche Bank" за нивната изградба.[39] Ова е поврзано со тенденцијата за што поголемо навлегување на германскиот капитал преку парично-кредитните институции, за претворање на Османската империја во полуколонија, во полна зависност кон германскиот империјализам. Тоа има одраз врз трговијата, со што е-сэгната и Македонија. За ова прашање постои опстојна документација и мошне развиена продукција во литературата.[40]

---

[34] H. Holland, Travels in the Jonian Isles, Albania, Thessaly, Macedonia, etc. during the years 1812 and 1813. London 1815; Британски документи за историјата на македонскиот народ. I (1797—1839). (Редакција: Х. Андонов-Полјански). Скопје 1968, 56.

[35] Handelstatistik. — Ausland VIII/63 (1835), 249—250/N. Michoff, Beiträge, 21—23/; Bemerkungen. — Ausland VIII/99 (1835), 395—396/N. Michoff, Beiträge, 24—26;/; Х. Андонов-Полјански, Еден извештај за трговијата на Солун и Солунско во 1835. — Гласник XII/2 (1868), 221.

[36] Ch. Ed. Guys, Le guide de la Macédoine. Paris—Marseille 1857 (N. V. Michoff, Contribution a l'Histoire du Commece de la Turquie et la Bulgarie. III. Svichtov, 1950, 302).

[37] Public Record Office (PRO) — FO 195/176. Turkey. Salonica 1841; PRO.-FO 195/176, 1842; PRO.-FO 195/240. Turkey 1844; Port de Saloniue (Macédoine). — Mouvement commercial en 1850. — Annales du commerce extérieur (Paris) 6 (1852)/N. Michoff, Contribution, 213/; Macédoine. Port de Salonique. Mouvement commercial en 1866 et 1867. — Annales du commerce 28 (1870)/N. Michoff, Contribution 631); Д. Зографски, Развиток, 361—368, Британски документи за историјата на македонскиот народ. Т. II (1840—1847). (Редакција: Х. Андонов-Полјански). Скопје 1977, 59, 127, 228—229.

[38] Д. Зографски, Op. cit., 377—391; Report for the year 1903. on the Trade of Salonica. — Turkey, Diplomatic and Consular Reports. — Acounts and Papers CI/1 (1904), 598.

[39] P. Dehn, Deutschland und die Orientbahnen. München 1883, 1886; E. Naumann, Macedonien und Seine neue Eisenbahn Salonik—Monastir. München 1894; Ch. Morawitz, Les Finance de la Turquie. Paris 1902, 375—377, 385; Д. Зографски, Op. cit., 333—342; Историја на железниците во Македонија 1873—1973. Скопје 1973, 31—39; Хр. Андонов-Полјански, Избор од британската дипломатска кореспонденција за историјата на железниците во Македонија (1871—1896).—Гласник XIX/1 (1975), 171—196.

[40] Види: H. Holborn, Deutschland und die Turkei (1878—190). Berlin 1926; Helfferich K., Die Deutsche Türkei Politik. Berlin 1921; R. Pinon, L'Europe et L'Empire, Ottoman. Paris 1909, 57; Е. В. Тарле, Европа в эпоху империализма, 1871—1919. — Сочинения. V. Москва 1958, 135—138; Хр. Андонов-Полјански, Економските аспекти во односите на империјалисичките држави кон Македонија и македонското националноослободително движење од крајот на XIX и почетокот на XX век. — Гласник XVII/2 (1973), 19—27; Д. Зографски, Стопанското потчинување на балканските земји од европските капиталисти во последната четвртина на XIX век. — Гласник XVIII/2 (1974), 7—22; и други.

## IV.

ЕКОНОМСКИТЕ ОДНОСИ и раздвижувањата имале соодветен одраз врз политичките, тие со нив се стриктно поврзани. Во различни етапи на односите во XIX век тие впечатливо и заемно се рефлектираат, се надополнуваат и преплетуваат. Воопшто земено, во овој век во главно разликуваме две фази на политичките односи: до и по Обединувањето на Германија. Во секоја од нив различен бил степенот на политичката заинтересираност, на политичкото запознавање. Секако, во периодот по Обединувањето интензитетот бил понагласен и поразвиен. Меѓутоа, и во двата периоди движењето на овие односи и натаму е зависно од глобалните релации на германската политика и интересот кон Источното прашање, Османската империја и Балканот. Во првиот период продолжува континуитетот, создаден уште од порано. Така, според еден податок во 1838 г. во Солун сè уште работи пруски вршител на работите, а таков, во истава година, среќаваме и во Сер.[41] Но, димензиите на оваа заинтересираност добиваат соодветен одзви во времето и по Кримската војна, кога источното прашање се актуелизира во европски размери. Тогаш и во Германија се обрнува внимание на ова прашање и за истото се изразуваат различни гледишта толкувања.[42] Меѓу нив, би ги нагласиле становиштата на Карл Маркс и Фридрих Енгелс, кои мошне внимателно го следеле и го разработувале ова прашање, нагласувајќи ја во исто време и општествено-политичката и економската положба и состојба на Балканскиот Полуостров, а во тој склоп и на Македонија.[43] Оваа германска заинтересираност кон источното прашање во историографијата често се врзува со Бизмарковата политика и Бизмарковата теза за германската незаинтересираност во источното прашање, за „посредничката“ и второстепената улога на Германија. Почнувајќи од H. v. Treitschke па сè до H. Plehn.[44] оваа теза постојано се потенцира. Но, меѓу нив, секако прават исклу-

---

[41] Британски документи., 125.

[42] A German View of the Eastern Question. — The New Monthly Magazine (London) 1854, 291—304.

[43] Види: Karl Marx, The Eastern Question. London 1897 (Ed. by E. Marx Aveling and E. Aveling); Karl Marx, Oeuvres Politiques. II. La Question d'Orient. Paris 1929; Д. Зографски, По повод некои искажувања од класиците на марксизмот-ленинизмот за Источното прашање. — Современост II/4 (1952), 46—70; Х. Полјански, Источното прашање и Македонија во статиите на Маркс и Енгелс. — Разгледи V/8 (1958), 1—2; Истиот, Маркс и историјата. — Историја IX/L (1973), 18—19; E. Drahn, Marx Bibliographie. Charlotenburg 1920; W, G. Vettes, The German Social-Democrats and the Eastern Question, 1848—1900. — American Slavic and East-European Review XVII, 86—100; Хр. Полјански, „Германските социал-демократи и источното прашање, 1848—1900.“ — Разгледи 7 (107); Хр. Андонов-Полјански, Енгелс и историјата. — Погледи 8 (1975), 113—115; и други.

[44] H. V. Treitschke, Deutschland und die Orientalische Frage. Berlin 1876; M. Lenz, Deutschland im Kreis der Grossmächte, 1871—1914, Berlin 1925; H. Plehn, Bismarcks Auswärtige Politik nach der Reichsgründung. München und Berlin 1920. Види исто: Fr. Ronneberger, Bismarck und Südosteuropa. Berlin 1941; Немски извори за българската история. I (1875—1877)./Редакција: В. Паскалева и К. Косев). — Извори за Българската история. XVIII. София 1973, 5—6,

чок истакнатите современи германски историографи Hans Rothfels и F. K. K. Roneberger кои сеопфатно го разработуваат Бизмарковиот однос кон ова прашање.[45] Утврдено е, дека Бизмарк уште со доаѓањето на власт (1862 г.) ја изразува својата заинтересираност кон источните работи.[46] Тоа добива очевиден израз по Обединувањето на Германија, кога сериозно се следат источните работи, развиено се доразвиваат интересите кон Левантот, Балканот и во исто време кон Македонија. За таа цел кон крајот на 1872 г. по настојување на Бизмарк при германското Министерство за надворешни работи се создава специјален „Оддел за Истокот" (Orient Dezernat), кој имал за задача да го испитува теренот и да подготвува информации за настаните.[47] Оваа дејност особено се развива во време на Источната криза. Тогаш, внимателно се следат и настаните во Македонија. Во извештаите од 1876 и 1877 г. се среќаваме со овој интерес,[48] кој во 1878 г. добива мошне развиен интензитет со оглед на текот на руско-турската војна, заклучувањето на Сан-Стефанскиот мировен договор подготовките за свикување на Берлинскиот конгрес и одделно за разработка на неговите решенија. Тоа е време на заживување на германската дипломатија посебно по прашањето за ревизија на договорот од Сан Стефано. Иако во основа нејзината политика е протурска, се потврдува од постојната документација дека Германија била тогаш заинтересирана и со проектот за создавање на автономна Македонија. Меѓутоа, на Берлинскиот конгрес, германската делегација на чело со канцеларот Бизмарк е активна во донесувањето на такви решенија, што нема да ја изменат состојбата во Македонија слична на онаа од времето пред војната.[49] Германската дипломатија е активна и во следните години и тоа пред сè во утврдување на границите (турско-грчка, односно македонско-грчка, и турско-бугарска, односно македонско-бугарска)[50] и во следење на секое револуционерно движење во Македонија. За ова пројавува посебен интерес и самиот Бизмарк.[51] Со време, тоа добива нова димензија и се усогласува со политиката на „Drang nach Osten" и со стремежите за за-

---

[45] Hans Rothfels, Bismarck und der Osten. Leipzig 1934; F. Karl Konrad Roneberger, Bismarck und Südosteuropa. Berlin 1939. Види исто: H.-U. Wehler, Bismarck und der Imperialismus. Hamdburg 1976.

[46] Die auswärtige Politik Preussens, 1858—1873. III. Olfenburg 1933, 72; Немски извори, 5.

[47] Немски извори, 6—7.

[48] Ibidem, 28—29, 55—56, 145—160, 212—125.

[49] Die Grosse Politik der Europäischen Kabinette. 1871—1914. 2. Band. Der Berliner Kongresse seine Voraussetzungen und Nachwirkungen. Berlin 1927, No 380, 261; Хр. Андонов-Полјански, Сан-Стефанска Бугарија. Скопје 1968, 29.

[50] Public Record Office (London)/Class List/, German Foreign Ministry 1879—1880 (466/661—803; 10. 432/210—256; 10. 466/661—803; 466/804—814); G. E. Noradounghian, Recueil, IV 263 (1880).

[51] W. N. Medlicott, Bismarck, Gladstone and the Concert of Europe. London 1956, 180,

здравување на позициите на Балканот, а во тој поглед и во Македонија.[52] Оваа политика се совпаѓа со империјалистичките тенденции на Австро-Унгарија, со нејзините аспираторски намери кон Моравско-Вардарската долина, кон Солун. Но, сепак Германија стои цврсто на ставот да ги сочува позициите и интегритетот на „Болниот човек", пред сè поради свои сопствени „животни интереси". Во случај на потреба може да се спроведе силен дипломатски притисок за одржување на мирот. Тоа најде израз во реформските спогодби за Македонија од 1897 и февруари 1903 г. Во нив се санкционира принципот за одржување на статус кво. Ова прашање е мошне разработено во дипломатските истории и во специјалните студии по оваа проблематика.[53] Тој став на германската дипломатија се реперкуира и во конкретниот однос кон македонското националноослободително движење во различните етапи од неговиот развиок. Ова движење се следи од оваа дипломатија мошне будно и внимателно за што сведочат дипломатските извештаи од крајот на XIX и почетокот на XX век.[54] Од друга страна, македонската револуционерна организација во своето настојување за самофинансирање и за самовооружување бара начин, преку свои емисари, и во Германија, да се добере до овие така нужни средства на револуцијата.[55]

Германската дипломатија е мошне агилна во следењето на македонските настани. Од дипломаската кореспонденција, нарочно онаа од 1902 г. произлегува дека таа ги чувствува последиците од тие размери, дури и од солуцијата за автономија, но не одбегнува да ја подвлече потребата од зачувување опстанокот на Османската Империја.[56] Овој лајтмотив на водениот курс на германската политика кон македонското прашање ќе го согледаме и во време на избувнувањето и текот на Илинденското востание од 1903 г. Сепак ова востание ја изненади Германија. Како поинаку да се толкува пријателската интервенција на

---

[52] Види: „Greater Britain" (Ch. W. Dilke), The present position of European Politics or Europe in 1887. London 1887, 22—26; Moltke Count Helmuth Von, Essays, Speeches Memoires. The Eastern Question. London 1893, 256—308; Namier B. L., Germany and Eastern Europe. London 1915, 57—107; E. M. Carroll, Germany and the Great Powers, 1866—1914. New York 1938; Х. Г. Андоновски-Полјански, Ситуацијата во Македонија по Илинденското востание и Мирштегските реформи. — Годишен зборник 8 (1955)/Библиографија, 49—55); Истиот, Европските држави и македонското прашање. — Историја VIII/1 (1972), 25—40.

[53] Види: A. J. P. Taylor, The Struggle for Mastery in Europe, 1848—1918. Oxford 1957/Oxford History of Modern Europe), Chs. XVI, XVII; А. С. Ерусалимский, Внешняя политика германского империализма в конце XIX века. Москва—Ленинград 1948, 162—167 278—277, 316—310.

[54] German Foreign Ministry. — I. A. Türkei 156. Verhältnisse in Macedonien, 1884—1903; Di Grosse Politik 18, 22 Band. Berlin 1924—1925, 243—405.

[55] Х. Андонов-Полјански, Гоце Делчев и неговото време. Скопје 1972, 203; Истиот, Преписка. Скопје 1972, 166; Истиот, Неколку соопштенија од 1896 година за изворите на финансирањето и вооружувањето во македонското националноослободително движење. — Годишен зборник 26 (1974), 43—58.

[56] В. Ћоровић, Дипломатска преписка Краљевине Србије. Београд 1933, 344, 407; И. Катарџиев, Серскиот округ од Кресненското востание до Младотурската револуција. Скопје 1968, 217.

кајзерот, кој преку својот амбасадор го советувал Султанот, со енергични мерки да ја задуши „македонската револуција“ (Macedonische Revolution) и што побрзо да воспостави ред.[57] Инаку, и натаму германските дипломати се активни во следењето на востанието, кое се потврдува во опстојната кореспонденција[58] и во германските историографски и публицистички дела по македонското прашање.[59] Интересно е да се спомене дека во време на востанието во Битола и во Крушево престојува германскиот генералштабен поручник фон Габен и го следи военото познавање на македонските востаници.[60]

Нов ангажман кон македонските работи германската дипломатија презема во време на донесувањето на Мирцштегските и другите реформи за Македонија (1903—1905). Таа настојува кај Портата за нивно прифаќање и следење. При тоа, конкретно се прифаќа да организира жандармериско училиште во Солун, за што се назначува мајорот фон Алтен и зема учество во работата на комисијата за реформа на финансиите во Македонија.[61]

Настаните во Македонија во време и по Илинденското востание се третираат мошне внимателно во германскиот секојдневен и периодичен печат и се изразуваат становишта согласно на политичката ориентација.[62] Со симпатии овој револуционерен чин на македонскиот народ се разгледува од социјалдемократскиот печат, во што предначеле: „Vorwarts“ и „Die Neue Zeit“.[63] Со внимание кон востанието пристапува и германската јавност од различните политички групации. Во ова движење се вклучува и германската социјалдемократија, која презема акции во печатот, во Рајхстагот и на други форуми, со симпатии

---

[57] Die Grosse Politik XVIII/1, 341—342.

[58] German Foregin Ministry. — I. A. Türkey 156. Verhältnisse in Macedonien 425, 426, 1903; Die Grosse Politik XVIII/1, 243—405.

[59] Види: A. Petrovic, Mazedonien und die Lösung seines Problems. Berlin 1904; E. von Hesse-Wartegg, Mazedonien, Serbien und Montenegro. Frankfurt 1909; A. Kutschbach, Der Brandherd Europas. 50 Jahre Balkan-Erinnerungen. Leipzig 1929 (Macedonien 273—291); S. H. Horand, Die mazedonische Frage um die Jahrhundertwende. Halle 1930; A. Geschke, Die Detsche Politik in der Mazedonischen Frage bis zur türkischen Revolution von 1908. Danzig 1932; Jacob (Dr. Walter), Die makedonische Frage. Leipzig 1932; Хр. Андонов-Полјански, Осврт на изворите и на литературата за односот на Европа кон Илинденското востание.—Годишен зборник 19 (1967), 203—243.

[60] Извештаи од 1903—1904 година на австриските претставници во Македонија (Редакција Д. Зографски). Скопје 1955, 79.

[61] Види: Die Grosse Politik. 22. Band. Die Österreichisch-Russische Entente und der Balkan, 1904—1907 (CLXI. Die Mazedonischen Reformen, 195—202, 203—324„ 401—522; J. Ruchti, Die Reformaktion Österreich-Ungarns und Russlands in Mazedonien 1903—1908. Gotha 1918; N. F. Grant (ed.), The Kaisers Letters to the Tsar. London 1920; A., Krainikowsky, La Question de Macédoine et la Diplomatie Européenne. Paris 1938; X. Андоновски-Полјански, Ситуацијата 30—32 (Библиографија, 49—55).

[62] Види: X. Андонов-Полјански, Одгласот на Илинденското востание во Америка и Европа. — Книга за Илинден. Скопје 1969, 283; X. Андоновски (и др). Странскиот печат за Илинденското востание. Скопје 1953.

[63] Die Neue Zeit XXII (1903)—1904).

ја популаризира борбата на македонскиот народ за слобода.[64] Тоа придонесува и во Германија да се спроведе помошна акција во корист на настраданите Македонци во време на востанието. Собрани биле значителни средства.[65] Оваа промакедонска дејност во Германија малку е проучувана во историографијата.

## V.

ВО НАШЕВО ИЗЛАГАЊЕ би сакале накратко и сумарно да се осврнеме и на научниот, како и на просветно-културниот аспект не овие односи. Најпрвин обрнуваме внимание на прирачниците, водичите и другите прегледи издавани во Германија во текот на XIX век. Во нив заедно со општите карактеристики за европските земји и посебно за европската Турција, среќаваме и податоци за Македонија со нагласување на нејзините центри, населението во нив и други интересности. Почнувајќи од 1805 г. натаму се запознаваме со овие карактеристични факти за особеностите на Македонија.[66] Поодреден третман на Македонија наоѓаме во тогашната германска периодика. Веќе во еден преглед од 1800 г. се запознаваме со трговијата на Македонија,[67] а во 1832 г. со осврт на населението на Македонија.[68] Во ова запознавање на Македонија голем придонес има минхенското списание „Das Ausland", ко- од 1835 до 1865 година објавува мошне забележливи прегледи за тр-

---

[64] Otto Bauer, Der Balkankrieg und die deutsche Weltpolitik. Berlin 1912, 16—17; М. Пандевски, Втората Интернационала за македонското прашање во 1903 година. — Гласник XVII/2 (1973), 170—172; О. Ивановски, Балканските социјалисти и македонското прашање. Скопје 1970, 80—81.

[65] Македония I/IX (1903), 30.

[66] Види: G. Hassel, Statistischer Umriss der sämtlichen Europäischen Staaten etc. Braunschweig 1805 (Makedonia)/M. Нас., I, 128/; J. A., Hoeck, Statistische Darstelung, etc. Amerg 1805—1806 (Makedonia)/M., Нас. I, 149/; Jg. A. Galletti, Allgemeine Weltkunde. Leipzig 1807 (Rumili, Salonichi)/M. Нас. I, 111—112); F. Lindern, Gemaelde der Europaeischen Tuerkei. Jena 1813 (Beajour-Macedonien)/M. Нас- I, 185—186/. Fr. W. W. Goedicke, Die Europaeische Tuerkei. Berlin 1821 (Macedonien)/M. Нас. I, 117—118/; J. Huetz, Beschreibung der Europäischen Tuerkei. Muenchen 1828 (Salonichi) / M. Нас. I, 153—154/; Die Europäische Türkei. Halberstadt 1829 (Ohrida) /M. Нас., II, 273 Türkei. — Geographische Zeitung (Stuttgart und Tuebingen) 1829 (Macedonia(/M. Нас.,/; II, 273/; Genealogisch-historisch-statistischer Almanach. Weimar 1833 (Salonik)/M. Нас. I, 3—4/; K. Fr. V., Hoffmann, Europa und seine Bewohner. Leipzig und Stuttgart 1835—1841 (Makedonien, Salonich, Monastir)/ Н. Михов, Населението., III, София (1929, скр. М. Нас. III, 85—97, 88, 90); H. Berghaus, Allgemeine Länder-und Völkerkunde. Stuttgart 1837—1844 (Bitola, Uskup, Salonik, Seres) /M. Нас. I, 39—40/; F. B. Engelhart, Der Flächenraum der einzelnen Staaten in Europa, etc. Berlin 1853 (Salonik, Ochrida, Uskup, Bitoglia)/M. Нас., I, 97—98/; F. H. Ungewitter, Die Türkei in der Gegenwart. Erlangen 1854 (Macedonien)/M. Нас. I, 345—346/; H. Fr. Brachelli, Dressig Statistische Tabellen, etc. Leipzig 1862 (Macedonien, Selanik, Uskup, Monastir)/M. Нас. I, 60—61/; K. Andree, Geographie, etc. Stuttgart 1877 (Monastir)/M. Нас. I, 7/; и други.

[67] Neueste Uebersicht des Handels vo Macedonien. — Allgemeines Journal, etc. (Leipzig) I/8 (1800), 625—688/M., Bibl. 72/.

[68] Ueber die Bewohner von Macedonien. — Magazin der neuesten Reise, etc. (Berlin) 72 (1832), 74—77/M. Нас.. III, 74/.

говијата на Македонија,[69] За Москополе,[70] Корча,[71] Воден,[72] и Охрид.[73] Слични прилози објавуваат и останатите германски списанија.[74]

Особено вредносен продонес за проучувањето на Македонија имаат германските патописци, кои своите испитувања и впечатоци ги изнеле во посебни публикации. Најпрвин се обрнало внимание за превод на делата на познатите европски патописци: F. Beajour,[75] H. Holland,[76] Pouqueville,[77] и A. Boué.[78] Во меѓувреме започнало објавувањето на патописи на германските патописци, во кои среќаваме мошне интересни податоци за Македонија.[79] Од оваа опстојна продукција ги одделуваме патописите на: A. Grisebach и H. Barth. А. Гризебах го опишува меѓу другото и својот престој во 1839 г. во Солун, Воден, Битола, Велес, Скопје и Тетово. Тој, освен тоа, своето внимание го ориентирал и кон испитување на флората, за што објавил трудови, кои го стекнаа вниманието на европската наука.[80] Х. Барт патувал неколку пати на Балканот и при тоа ја посетувал и Македонија. Есентата 1862 г. тој ги посетил: Малешево, Битола и Солун, впечатоците од патот ги објавил во 1864 г.[81]

Кон проучувањата на историјата и знаменитостите на Македонија пристапила германската историографија. Од крупните основи што ги поставија Леополд Ранке и останатите германски историчари, ре-

[69] Macedonien. — Handelsstatistik. Nach offiziellen franzoesischen Quellen. — Ausland (München) 8 (1835), 249—250/M. Bibl. 133/.

[70] Moschopolis in Macedonien. — Ausland 31 (1858), 711—712/M. Bibl. 265/.

[71] Koritza in Macedonien. — Ausland 32 (1859), 908—909/M. Bibl. 220/.

[72] (Walker M. A.,), Wodena in Macedonien. — Ausland 38 (1865), 71—72/M. Bibl. 323/.

[73] Die Stadt Ochrida in Macedonien. — Ausland 38 (1865), 502—503/M. Bibl. 322

[74] Thessalonichi in Macedonien. — Globus 1 (1862), 205—208/M. Bibl. 296/; Salonik. — Handels-Archiv 2 (1872), 456/M. Bibl. 557/; F. Kanitz, Salonichi. — Illustriarte Zeitung 66 (1876), 414/M. Нас., III, 237); и други.

[75] F. Beajour, Schilderung des Handels von Griechenland. Weimar 1801/M., Принос, 58—60).

[76] H. Holland, Reise nach den ionischen Inseln, Albanien, Thessalien, Macedonien, u. s. w. in den Jahren 1812 und 1813. — Journal für die neesten Land-und Seereisen, etc. (Berlin) 20 (1815), 367—400/M., Bibl. 83/.

[77] Pouqueville, Reise durch Griechenland, etc. Weiningen 1824.

[78] A. Boue, Allgemeine Geographie der europäiscshen Türkei. — Macedonien— Ausland 16 (1843), 1077—1079/M. Нас. III, 49/.

[79] Види: I. Huetz, Beschreibung der Europäischen Türkei, München 1828, E. Rocstroh, Reiseskizzen aus Dardanien und Albanien 1874. — XII. Jahresberichte des Vereins für Erdkunde zu Dresden 1875, 40—58/M. Нас-, II, 239/; Reise im südlichen Makedonien. — Globus 33 (1878), 335/M. Нас. III, 351—352/; A. Tuma, Griechenland, Makedonien und Südalbanien. Hannover 1888; G. v. d. Goltz, Ein Ausflug nach Macedonien. Berlin 1894; L. Glueck, Albanien und Macedonien. Würzbugr 1892; и други.

[80] A. Grisebach, Reise durch Rumelien und nach Brussa im Jahre 1839. Göttingen 1841/M. Принос, 206—207/; Хр. Гандев, Европейски изучвания на България през време на възраждането. — Исторически преглед 2 (1946—1947), 173.

[81] H. Barth, Beschreibung einer Reise quer durch das Inner der Europäischen, Türkei von Rustchuk über Philippopel, Rilo Monastir, Bitolia (Monastir) etc. — Zeischrift für Allgeneine Erdkunde (Berlin) 15—16 (1863—1864); M. Bibl., 298/; H. Barth, Reise durch das Innere der Europaischen Türkei im Herbst 1862. Berlin 1964/M. Нас. I, 34—35/; Хр. Гандев, Op. cit., 174; П. Делирадев, Изследвачите на България. София 1929, 33—37.

зултираше една мошне развиена продукција од сите домени на историскиот развиток, а исто така и на археологијата, византологијата и другите научни области.

Од областа на старините и археолошките знаменитости вредни трудови објави Th. Tafel во 1839 и 1841 г. разработувајќи ги споменицитe на Солун и патот Via Egnatia.[82] Натамошните испитувања на Македонија се ориентирани кон материјалната култура, рушевините на древните градови, натписите и друго. Резултатите од овие испитувања се објавуваат во главно при крајот на XIX и почетокот на XX век.[83] Со силен замав во Германија се развива проучувањето на античка Македонија посебно или заедно со грчката и римската историја. На ова поле работеле истакнатите германски историографи: J. G. Droysen,[84] Th. Mommsen,[85] E. Curtius,[86] G. B. Niebuhr,[87] B. Niese,[88] E. Pridik, F. Köpp,[89] и други.

Во Германија се развива до голем степен византологијата. Таа има свој почеток во XVI век.[90] Научниот фундамент на проучувањето се поставува во XIX век. Крупните византолози: K. Krumbacher, H. Gelzer и други ги поставија основите на оваа наука. Во 1892 г. започнува да се издава списанието „Byzantinische Zeitschrift“, а Минхен станува центар на византолошката наука.[91] Во ова списание, а и одделено, се разработува и македонската историја од средновековниот период. За особено одбележување е студијата на H. Gelzer за охридската патријаршија (1902), Таа има посебно значење за историјата на охридската Архиепископија.[92]

---

[82] (Th. L. Fr.), De Thessalonica ejusque egro. Berolini 1839; De via militari Romanorum Egnatia qua Illyricum, Macedonia et Thracia jungebantur. Tubingae 1841.

[83] Види: J. Strzygovski, Die Ruine von Philippi. — Byzantinische Zeitschrift XI (1902), 473—490; A. Struck, Inschriften aus Makedonien. — Mittheilungen des Deutschen Archaeologischen Instituts XXVI (1902); H. Gelzer, Vom Heiligen Berge und aus Makedonien. Leipzig 1904; Истиот, Byzantinische Inschriften aus Westmakedonien. — Athenische Mittheilungen XXVII (1902), 431—444; P, Traeger, Begräbniss-Plätze und Tumuli in Albanien und Macedonien. — Die Keramik der Macedonischen Tumuli. — Zeitschrift für Ethnologie 43 (1905); Истиот, Notizien aus Albanien und Macedonien. — Archäologischer Anzeiger 1903, 18; O. Kern, Aus Makedonien in alter Zeit. — Jahrbücher der Akademie (Erfurt) XL (1904), 285—302); X. Г. Андоновски-Полјански, Прилог кон библиографијата по археологијата на Македонија. Скопје 1953.

[84] J. G. Droysen, Geschichte Alexanders des Grossen. Hamburg 1833; Geschichte des Hellenismus. I—II. Hamburg 1836—1843.

[85] Th. Mommsen, Römische Geschichte. I—III. Berlin 1854—1857.

[86] E. Curtius, Griechische Geschichte. 1—3. Berlin 1857—1867; Altertums und Gegenwart. 1—3. Berlin 1898.

[87] G. B. Niebuhr, Römische Geschichte. I—III. Berlin 1811—1832, 1873—1874.

[88] B. Niese, Geschichte ded griechischen und makedonischen Staaten. I—III. Gotha 1893—1903.

[89] E. Pridik, De Alexandri Magni epistolarum Commecii Diss. Berolini 1893; F. Köpp, Alexander der Grosse. Bielefeld—Leipzig 1899.

[90] Г. Острогорски, Op. cit., 28.

[91] Ibidem; Е. Турчински, Изследвания в Германската Федерална Република върху история на България Проблеми, 645.

[92] H. Gelzer, Das Patriarchat von Achrida. Geschichte und Urkunden. Leipzig 1902.

Во Германија се развива и споредбената балканистика. Нејзин основач е Густав Вајганд. Тој неколкукратно презел научно патување во Македонија (1886, 1889—1890) и ги проучувал Власите и националните стремежи на балканските народи. Неговите трудови го обрнаа внимани ето на науката.[93]

Видно внимание во Германија се обрнува и на географските особености на Македонија. Тоа се одразува во картографското претставување во рамките на европска Турција или одделно. По 1821 год. во објавените географски карти Македонија се преставува во своите природни граници, а се истакнуваат и другите нејзини карактеристики и особености.[94] Најголем придонес за солидното и стандардното картографско обликување има H. Kiepert, кој по 1853 г. објавува забележи телни карти,[95] кои го обрнуваат вниманието на науката и на јавноста.[96] Вакво внимание обрнале мошне стојносните прилози, а исто така и карти, објавувани во „Petermann's Geographische Mittheilungen" по 1869 г.[97] Тука, во 1878 г., се објавува познатиот труд на Стефан Верковиќ за Серскиот санџак.[98]

Во Германија се развива и славистиката. Со основањето во 1876 г. на списанието „Archiv fur slavische Philologie" од Ватрослав Јагиќ, се поставуваат основите на научното проучување на словенската филологија. Во списанието се објавуваат значајни трудови од интерес за проучување на Македонија. Во исто време и одделно се разработува кирилометодиевското прашање и за него особено се значајни проучувањата на: A. Leskien, A. Brückner, и други.[99] Се обрнува внимание и на народното творештво, посебно на Зборникот на Миладиновци.[100] Интересно е да се истакне дека мотиви од Македонија се разработуваат кај некои германски писатели. Такви наоѓаме кај Karl May.[101]

---

[93] G. Weigand, Die Aromunen. Leipzig 1894; Истиот, Die nationalen Bestrebungen der Balkanvölker 1898; Ж. Нурижан, Приятели на България. София 1940, 126—132; Ф. Краузе и А. Лаубе, България и германската литература. — Проблеми на българската историография след Втората световна война. София 1973, 673—674.

[94] Види: Х. Андонов-Полјански, Македонија во карти. — Гласник IX/1 (1965), 357, 358, 361 362, 364, 365, 368, 387, 177.

[95] Ibid., 360, 364, 371, 372, 373, 386.

[96] Француски документи за историјата на македонскиот народ. I (1878—1879) (Редакција: А. Лаиновиќ, И. Катарџиев, Љ. Герасимов). Скопје 1969, 10.

[97] Х. Андонов-Полјански, Op. cit., 366, 367, 368, 389, 370, 374, 378; Fr. Bradaška, Die Slaven in der Türkei. — Mittheilungen aus Justus Perthes'geographischer Anstalt, etc. 1869/M. Hac. I, 62/.

[98] (St. Verković), Statistisch-ethnographiische Daten des Sandschaks Seres, gesammelt von Stephan J. Verković, mitgetheilt von Fr. Bradaška. — Mittheilungen aus Justus, etc. 1878, 290—305/M. Bibl. 541/.

[99] Види: Г. А. Ильинский, Op. cit. 19, 39, 41, 42—43, 145, 157 (A. Brückner, A. Leskien, D. Rattinger, N. Bonwetsch, L. Götz, H. Gelzer; и други.

[100] Види: D. Rosen, Die Südslaven. — Deutsche Revue II/3 (1878), 340—354; A. N. Pypin und V.D. Spasović, Geschichte der Slavischen Literaturen. I—II. Lepizig 1880—1884; A. Strauss, Bulgarsche Volksdichtung. Wien — Leipzig 1895; Истиот, Die Bulgaren. Leipzig 1898; Ф. Краузе и А. Лаубе, Op. cit., 673.

[101] Karl May, U Balkanskim gudurama. (In den Schutzen des Balkan). Zagreb 1965; Karl May, Kroz zemlju Arbanasa. (Durch das Land der Skipetaren). Zagreb 1965; K. Kovatschevitsch, Makedonien bei Karl May. — Lenau-Forum (Wien) 1970.

За поттикнување на проучувањата на Македонија придонесувале и некои Македонци, кои во текот на XIX век престојувале во Германија. Така, Антон Драндар од Велес, кој своите студии ги усовршувал и во Германија, објавил од 1867—1869 г. во Лајпциг две книги, кои третираат интересни проблеми од македонската историја.[102] Кон ова се ориентирале и други Македонци, кои во текот на XIX век студирале на Лајпцишкиот и другите германски универзитети.[103] Ова се надоврзува и со интересот на некои македонски општественици за германското уставно устројство,[104] потоа за употребата на германски наставни средства во македонските училишта.[105] Тие наоѓаат соодветно влијание и преку активноста на германската колонија во Солун, која покрај клуб и црквена заедница од 1888 г. отворила германско училиште, чиишто наставници покрај редовната настава ги испитувале и археолошките знаменитости на Македонија.[106]

РАЗНОВИДНОСТА во германско-македонските односи во минатото, изложена вака сумарно во овој прилог има за цел да го поттикне и да го покрене прашањата за попродлабочено проучување на оваа интересна проблематика во германската, југословенската и македонската историографија.

[102] A. Drandar, La situation des chrétiens en Macédoine. Leipzig 1867; L'administration Turque en Macédoine. Leipzig 1969; Хр. Андонов-Полјански, Антон Драндар и неговите становишта по македонското прашање.— Годишен зборник 23 (1973), 221.

[103] В. Йорданов, Op. cit., 40—41, 136—137.

[104] Съчинения на Трайчо Китанчев. София 1898, 111.

[105] Кл. Џамбазовски, Културно-општествените врски на Македонците со Србија во текот на XIX век. Скопје 1906, 126; Р. Кантарџиев, Македонското преродбенско училиште. Скопје 1965, 150.

[106] Max Brunau, Das Deutschtum in Mazedonien. Stuttgart 1925/Schriften des Deutschen Ausland-Instituts Stuttgart)/, II. Entstehtung und Zusammenfassung des Deutschtums in Macedonien(S. 16—23); III. Die Deutschen Mazedoniens im Wechsel der Zeiten (S. 24—50); IV. Der Deutsche Klub (S. 51—56); VI. Die deutsche Schule (S. 59—68); VII. Die deutsche evangelische Gemeinde (S. 69—84).

Hristo ANDONOV-POLJANSKI

## ZUR FRAGE DEUTSCH-MAKEDONISCHE BEZIEHUNGEN IN DER VERGANGENHEIT

(Zusammenfassung)

In diesem Beitrag versucht der Verfasser, die Geschichte der deutsch-makedonischen Beziehungen in der Vergangenheit kurz darzulegen. Der Gegenstand seiner Aufmerksamkeit sind vor allem die gegenseitigen Beziehungen bis zu den ersten Jahren des XX Jahrhunderts.

Indem sich der Verfasser origineller und anderer Angaben bedient, legt er in erster Linie den Wert auf diese Beziehungen seit der Zeit der ersten Beıührungen und zwar im tiefen frühesten Mittelalter. Er ergänzt sie mit Angaben über merkbare Kontakte im Mittelalter bis zur Osmanlischen Herrschaft. Auf die Beziehungen in der Zeit dieser Herrschaft macht man einen Rückblick vorerst auf die Beziehungen seit dem Ende des XV Jahrhunderts bis jetzt.

Vor allem werden die Berichte der deutschen Reiseschriftsteller über Makedonien in dieser Zeit, und danach auch jenes der deutschen wissenschaftlichen und anderer Veöffentlichungen über die sich für Makedonien Interessierenden registriert. Eine besondere Aufmerksamkeit wird den gegenseitigen Handelsverbindungen hinsichtlich des Warenaustausches, der Ein- und AusfUhr, der Handelspolitik und Anderem gewidmet. Man registriert die gegenseitigen Wirtschaftsbeziehungen, den gegenseitigen Warenaustausch im XVIII und XIX Jahrhundert.

Einen hervorragenden Platz nehmen in diesem Beitrag auch die politischen Beziehungen in XIX Jahrhundert, nämlich das deutsche Verhältnis zur Ostkrise, zum Ilinden-Aufstand und zu den Reformen in Makedonien ein. Hier gibt der Autor besonderen Raum, um den wissenschaftlichen auklärerisch-kulturellen Aspekt der deutsch-makedonischen Beziehungen zu registrieren. Inzwischen ist das Tretement auf die Erklärung des Interesses der deutschen Wissenschaft, Reiseliteratur, Historiographie, Archäologie, Byzantologie, der komparativen Balkanistik, Geographie, Slawistik und der makedonischen Angelegenheiten gerichtet worden.

Es sind auch Aspekte der aufklärerisch-kulturellen Beziehungen berücksichtigt und angenommen worden.

Durch diesen Beitrag gibt der Verfasser den Auftakt zum Studium der deutsch makedonischen Beziehungen in der Vergangenhait.